


***Името на фирмата „ЗЕГИН“ е составено од пет букви кои значат: „З“ - здравство, „Е“ - едукација, „Г“ - гаранција, „И“ - информација и „Н“ - надеж. Тоа биле кратенките за кои бил распишавме конкурс пред регистрацијата. Мисијата на брендот, пред сé, е да се биде вистински пријател на здравјето на луѓето и семејствата, преку обезбедување на квалитетен а најефтин лек поткрепен со стручен совет.***

Компанијата ЗЕГИН е ригистрирана во 1989 година како прва и најголема веледрогерија во Македонија и оваа 2019 година е јубилејна – 30. година од нејзиното дејствување. Нејзината основна дејност е внатрешна и надворешна трговија со лекови, медицински помагала, диететски, макробиотски и козметички производи.

Компанијата работи во согласност со правните регулативи во земјата, имплементирајќи ги највисоките светски стандарди и најуспешните практики. Компанијата е регистрирана

и за увоз на лекови. Во рамките на ЗЕГИН Големопродажба, функционира посебен сектор за истражување и анализа на пазарот, како и за следење на светските достигнувања во областите кои се сфери на интерес и дејствување. ЗЕГИН Големопродажба, соработува со клинички центри и општи болници и ја снабдува широката мрежа со повеќе од 400 аптеки, што ја прави најголема веледрогерија во земјата со удел од 60 % на пазарот со лекови.

Фирмата „ЗЕГИН ДОО“ од Скопје е прва приватна веледрогерија во Република Македонија која долг период претставува пример за успешно работење, донаторство за хуманитарни цели, но и фирма која често нуди интересни иницијативи и новини.

Под мотото „Аптекарски бисер во Македонија“, пред повеќе од 17 години стартуваше со работа веледрогеријата „ЗЕГИН“. Брендот „ЗЕГИН“, не само што е познат во Македонија, всушност, тој тежнее да стане регионален лидер на Балканот, за што во мај, 2006 година, со исландската фирма „Milestone“, „ЗЕГИН“ потпишал договор за здружување, при што е формирана заедничка фирма со еднаков капитал 50:50, со докапитализација.

Во функција на идните бизнис перспективи, во април 2000 година, Народната банка на Македонија издаде дозвола за основање на Штедилницата „ЗЕГИН“. Како основачи на новата штедилница станаа трговското друштво за внатрешен и надворешен промет „Зегин Благој“ ДООЕЛ Скопје и Викторија Механџиска.

Седиштето на Штедилницата е во Скопје. Нејзините цели и задачи се: да може да прибира денарски штедни влогови од физички лица, најмногу до износ кој е двапати поголем од нејзиниот основачки капитал; да одобрува кредити на физички лица и поединци, кои вршат самостојна дејност без својство на правно лице; да зема кредити од банка и штедилница; да се занимава со економско-финансиски консалтинг; да одобрува кредити на правни лица преку банка; директно да кредитира банки и штедилници и директно да кредитира правни лица, но најмногу во висина од 30 отсто од гарантираниот капитал на Штедилницата.


ZEGIN
ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА
25
ГОДИНИ
1989 - 2014
ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ
Со признание за нај најпознат бренд на Југоисточна Европа





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**